МКД СЕРТИФИКАТ
МКС EN ISO 9001:2009

[redacted]

Република Македонија
**Министерство за животна средина и просторно планирање**

Архивски број: УП1-11/4-968/2016

10. 03. 2017

Дата: ____________

10. 03. 2017

Република Македонија
**Министерство за животна средина и просторно планирање**

Бул."Гоце Делчев" бр.18,
1000 Скопје,
Република Македонија
Тел. (02) 3251 400
Факс. (02) 3220 165
Е-пошта:
infoeko@moepp.gov.mk
Сајт: www.moepp.gov.mk

**ДО:** "ТАБ МАК " ДОО
ул. "Македонски револуционери" бр. 50
Пробиштип

**ПРЕДМЕТ:** Доставување на Решение

**ВРСКА:** Ваш број 1301-938/1 од 28.12.2016 година

Почитувани,

Во прилог на овој допис Ви доставуваме Решение со број УП1-11/4-968/2016, за одобрување на Елаборат за заштита на животната средина за објект – производна хала 2 во рамките на фабриката за акумулатори ТАБ МАК во општина Пробиштип, за потребите на инвеститорот "ТАБ МАК " ДОО од Пробиштип.

Со почит,

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА МИНИСТЕРСТВО ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА И ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ СКОПЈЕ

МИНИСТЕР
Bashkim Ameti

Изработил: Влатко Цветаноски
Контролирал/ Согласен: Александар Петковски
Одобрил: в.д. Директор на Управа за животна средина
Даниел Ефтимов

МКД СЕРТИФИКАТ
МКС EN ISO 9001:2009

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА
И ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ
Бр. УП1-11/4-968/2016 година
Скопје 10.03.2017

Врз основа на член 24 став 7 од Законот за животна средина (Службен весник на Република Македонија бр. 53/2005, 81/2005, 24/2007, 159/2008, 83/2009, 48/2010, 124/2010, 51/2011, 123/2012, 93/2013, 42/2014, 44/2015, 129/2015 и 39/2016), постапувајќи по барањето на "ТАБ МАК " ДОО од Пробиштип, за одобрување на Елаборат за заштита на животна средина број УП1-11/4-968/2016 од 29.12.2016 година, Директорот на Управата за животна средина при Министерството за животна средина и просторно планирање го издава следното

## РЕШЕНИЕ
## За одобрување на Елаборат за заштита на животна средина

1. Со ова Решение се одобрува Елаборат за заштита на животна средина со технички број 11-2016/Е од Декември 2016 година, изготвен од страна на "ЕКОМОЗАИК" ДООЕЛ од Скопје, за објект – производна хала 2 во рамките на фабриката за акумулатори ТАБ МАК во општина Пробиштип, за потребите на инвеститорот "ТАБ МАК " ДОО од Пробиштип.

2. Од доставената документација констатирано е дека со функционирањето на објектот – производна хала 2 во рамките на фабриката за акумулатори ТАБ МАК во општина Пробиштип, нема да има значителни влијанија врз животната средина.

3. Инвеститорот се задолжува целосно и без исклучоци да се придржува кон пропишаниот режим и мерки за заштита предвидени во Елаборатот за заштита на животна средина, како и кон дополнителни решенија до колку низ функционирањето се покаже потреба од зголемен обем и вид на превенција.

4. Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето.

Scanned with CamScanner

МКД СЕРТИФИКАТ
МКС EN ISO 9001:2009

**Образложение**

Од ваша страна беше доставен Елаборат за заштита на животната средина за објект – производна хала 2 во рамките на фабриката за акумулатори ТАБ МАК во општина Пробиштип, за потребите на инвеститорот "ТАБ МАК " ДОО од Пробиштип.

Локацијата на која се наоѓа објектот – производна хала 2 е во рамките на фабриката за акумулатори ТАБ МАК, на ул. "Македонски револуционери" бр. 50, со координати 41$^0$ 58' N, 22$^0$ 11' E во општина Пробиштип.

Инвеститорот има намера да го зголеми капацитетот на производство на оловен оксид, позитивни тракциони плочи и стартер плочи. Инвестицијата ќе биде реализирана во две фази. Инсталација ќе преземе активности за адаптација на хала 2 при што ќе се добијат 4 засебни делови во халата односно 2 производни погони и 2 магацини.

Во првата фаза (2017 година) ќе се произведе 19.440 t/годишно оловен оксид и 4.320.000 позитивни тракциони плочи годишно. Во втората фаза (2018-2019 година) се планира производство на 21.600 t/годишно оловен оксид, 702.000.000 стартер плочи годишно и 54.000.000 негативни тракциони плочи годишно.

Предметниот Елаборат за заштита на животната средина е изготвен согласно Правилникот за формата и содржината на Елаборатот за заштита на животната средина согласно со видовите на дејностите или активностите за кои се изработува елаборат, како и согласно со вршителите на дејноста и обемот на дејностите и активностите кои ги вршат правните и физичките лица, постапката за нивно одобрување како и начинот на водење на регистарот за одобрени Елаборати (Службен весник на Република Македонија бр. 44/2013 и 111/2014), од страна на "ЕКОМОЗАИК" ДООЕЛ од Скопје.

**Правна поука:** против ова Решение може да се поднесе жалба во рок од 15 дена од денот на приемот на решението до Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен.

Изработил: Влатко Цветаноски
Контролирал/Согласен: Александар Петковски

Р. Д. Директор на
Управа за животна средина
Даниел Ефтимов

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА И ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ
СКОПЈЕ